**Главниот ревизор во дводневна посета на Европскиот суд на ревизори во Големото Војводство Луксембург**

Висока делегација од Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош од Република Македонија предводена од г-дин Адем Цури, Главен ревизор за ИПА, оствари дводневна посета на Европскиот Суд на ревизори во Луксембург, Големо Војводство Луксембург.

Главниот ревизор оствари работен состанок со директорот на Директоратот за контрола на квалитет на ревизијата г-дин Цефри Симпсон, Шефот на кабинетот на Финскиот член на Бордот на Европскиот Суд на Ревизори, г-дин Туро Хентила, со Раководителот на ревизијата во Директоратот за контрола на квалитетот на ревизијата во Европскиот Суд на Ревизори, г-дин Јуси Брајт и со Раководителот на ревизијата во групата 3 - Надворешни активности, г-дин Денис Вернер, под чија надлежност за контрола и ревизија се Европските фондови кои Република Македонија ги користи преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

На состанокот беше презентирано искуството на Европскиот суд за ревизори во ревизијата на Европските фондови, како и нивната соработка со другите ревизорски институции со цел зголемување на економичноста, ефикасноста и ефективноста во соодветното искористување на Европските фондови.

За време на посетата г-дин Цури имаше состанок со г-дин Гастон Мунен, главен уредник на официјалниот весник на Европскиот суд на ревизори, при што даде ексклузивно Интервју.

Главниот ревизор воедно оствари средба на највисоко ниво со г-дин Хану Такула, Финскиот член на бордот на Европскиот Суд на Ревизори и член на групата 3 - Надворешни активности со директна надлежност за ревизија на европските-ИПА фондови. На средбата г-дин Цури покрена иницијатива за зајакнување на соработката помеѓу Ревизорското тело за ревизија на ИПА и Европскиот суд на ревизори, со цел размена на искуства од обласа на ревизорскиот пристап при ревизија на Европските фондови, можноста ревизори од Ревизорското тело за ИПА да посетуваат обуки во Европскиот суд на ревизори во Луксембург, како и организирање и учество во заеднички ревизорски активности со Европскиот суд на ревизори во ревизијата на Европските фондови.